**КОМИСИЈА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ОД АВТОМОБИЛСКА ОДГОВОРНОСТ**

Врз основа на член 45 став (1) од Законот за задолжително осигурување во сообраќајот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 88/05, 70/06, 81/08, 47/11, 135/11, 112/14 и 145/15), Комисијата за осигурување од автомобилска одговорност на седницата одржана на 15.10.2018 година ја донесе следната

# ТАРИФА НА ПРЕМИИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА СОПСТВЕНИЦИТЕ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА ОД ОДГОВОРНОСТ ЗА ШТЕТИ ПРЕДИЗВИКАНИ НА ТРЕТИ ЛИЦА

## I. ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ

### Примена на тарифата

Член 1

Оваа Тарифа се применува за осигурување на сопствениците на моторни и приклучни возила од одговорност за штети причинети на трети лица во согласност со Законот за задолжително осигурување во сообраќајот и Условите на осигурување од автомобилска одговорност.

Моторните и приклучните возила кои се предмет на оваа Тарифа се распоредени во следните Тарифни групи:

1. Тарифна група 1 - Патнички возила;
2. Тарифна група 2 - Товарни возила;
3. Тарифна група 3 - Автобуси;
4. Тарифна група 4 - Влечни возила;
5. Тарифна група 5 - Специјални возила;
6. Тарифна група 6 - Моторцикли;
7. Тарифна група 7 - Приклучни возила;
8. Тарифна група 8 - Моторни возила со странска регистрација;
9. Тарифна група 9 - Работни возила.

Тарифните групи се составен дел на оваа Тарифа и истите се дадени во прилог на Тарифата.

### Значење на одделни изрази

Член 2

Одделни изрази употребени во оваа Тарифа го имаат следново значење:

(1) патнички автомобил е моторно возило наменето за превоз на лица кое покрај седиштето за возачот има најмногу 8 седишта и чија носивост изнесува најмногу 250кг;

(2) товарно возило е моторно возило наменето за превоз на предмети со носивост преку 250 кг;

(3) комбинирано возило е моторно возило наменето за превоз на лица и предмети, чија носивост е најмногу до 3500 кг и истото се осигурува според намената, односно според податоците во сообраќајната дозвола;

(4) Комби возило е моторно возило наменето за превоз на лица и предмети и истото се осигурува според намената, односно според податоците во сообраќајната дозвола при што:

- комби товарно, спаѓа во групата на товарни возила,
- комби патничко, спаѓа во групата на патнички возила,

(5) такси е патничко возило или товарно возило кое е регистрирано за јавен превоз и има ознака TAXI;

(6) автобус е моторно возило наменето за превоз на лица кое покрај седиштето за возачот има повеќе од 8 седишта;

(7) хотелски автобус е автобус кој се употребува исклучиво за превоз на гости на хотелот и нивниот багаж од/до железничка или автобуска станица, аеродром, пристаништа и излетнички места;

(8) автобус за работни и други организации е автобус кој служи исклучиво за превоз на членови на работни, општествени или спортски организации. Овде спаѓаат школски и полициски автобуси и автобусите кои служат за превоз на болни без лежаи;

(9) трактор е возило на моторен погон, конструирано да влече, притиска или носи орудија односно да служи за погон на такви орудија или за влечење на приклучни возила;

(10) моторцикл е моторно возило на две тркала, со бочна приколка или без неа, или моторно возило на три тркала ако неговата тежина не преминува 400 кг;

(11) велосипед со мотор е возило на моторен погон со две или три тркала чија зафатнина на моторот не преминува 50 см3 и кое на рамен пат не може да развие брзина поголема од 50 км на час;

(12) приколка - приклучно возило наменето да го влече возило на моторен погон;

(13) полуприколка е приклучно возило без предни осовини конструирано така што со своите предни делови се наслонува на влечно моторно возило. Полуприколката со седлестиот влекач не прави целина.

## II. ОПШТИ ОДРЕДБИ ЗА ПРЕМИЈАТА

### Премија

Член 3

Премијата за осигурување која ја плаќа договорувачот на осигурувањето – осигуреникот, е бруто премија која се состои од техничка премија и дел на премија за вршење на дејноста на осигурувањето.

Техничката премија покрај дел од премијата наменет за исполнување на обврските од договорите за осигурување - ризико премија, содржи и дел за оптеретување на сигурност.

Делот на премија за вршење на дејноста на осигурување не може да изнесува помалку од 15% од техничката премија и во него се вклучени издвојувањата на друштвата по однос на Законот за безбедност во сообраќајот, Закон за пожарникарство и др. Делот на премија за вршење на дејноста на осигурување се додава на техничката премија, за сите Тарифни групи како и внатре во Тарифните групи. Делот на премија за вршење на дејноста на осигурување се утврдува со посебна одлука на Друштвото за осигурување.

Со оваа Тарифа се утврдува висината на техничката премија по тарифни групи, искажана во процент од минималната односно максималната стапка на техничка премија за основен премиски степен 10 (премија без бонус и малус), искажана во денари, согласно последната Одлука на Владата на Република Македонија за утврдување на минимална и максимална стапка на техничка премија, објавена во „Службен весник на Република Македонија“.

### Критериуми за утврдување на висината на премијата

Член 4

Премијата се утврдува врз основ на:

- Видот и намената на возилото;

- Техничките карактеристики на возилото (сила на моторот, носивост, работна зафатнина, број на регистрирани места и сл.);
- Видот на осигурувањето;
- Возраста на осигуреникот;
- Висината на осигурителното покритие;
- Бројот на пријавени штети во минатиот осигурителен период;
- Траењето на осигурувањето;
- Други основи што се утврдени со оваа Тарифа.

**Време за кое се пресметува премија**

Член 5

Премијата, доплатоците и попустите утврдени во оваа Тарифа се однесуваат за траење на договорот за осигурување од една година, доколку поинаку не е договорено.

Ако се договори осигурувањето да трае пократко од една година, премијата за осигурување изнесува:

| | |
|---|---|
| до 7 дена | 10% од годишната бруто премија |
| до 15 дена | 15% од годишната бруто премија |
| до 30 дена | 20% од годишната бруто премија |
| до 60 дена | 30% од годишната бруто премија |
| до 90 дена | 40% од годишната бруто премија |
| до 120 дена | 50% од годишната бруто премија |
| до 150 дена | 60% од годишната бруто премија |
| до 180 дена | 70% од годишната бруто премија |
| до 210 дена | 80% од годишната бруто премија |
| до 240 дена | 90% од годишната бруто премија |
| преку 240 дена | 100% од годишната бруто премија |

По исклучок, заради усогласување на траењето на осигурувањето со датумот на регистрација, премијата се пресметува сразмерно со временскиот период (по принципот про рата темпорис), односно не се пресметува по табелата за краткорочно осигурување.

Не може да се пресметува премија за траење на осигурувањето подолго од една година.

**Возила со посебни регистарски ознаки**

Член 6

Домашни моторни возила се и возилата со посебни регистарски ознаки како што се:
- возилата на дипломатски и конзуларни претставништва, мисии на странски држави, претставници на меѓународни организации и други претставништва на странски држави;
- возилата на армијата;
- возилата на Министерството за внатрешни работи; и
- други возила со посебна регистрација, се сметаат за домашни моторни возила.

## III. УТВРДУВАЊЕ НА ПРЕМИЈАТА ВО ЗАВИСНОСТ ОД ОСТВАРЕН ШТЕТЕН НАСТАН

**Бонус-малус систем**

Член 7

Одредбите од оваа Глава се однесуваат на осигурувањето на сопствениците на моторни и приклучни возила опфатени со сите Тарифни групи од оваа Тарифа (Прилог - Табели на премија за осигурување од автомобилска одговорност по Тарифни групи), освен на

осигурувањето од автомобилска одговорност на сопствениците на странски моторни возила опфатени со Тарифна Група 8 и посебните видови на осигурување предвидени со оваа Тарифа.

Кога договорувачот на осигурувањето-осигуреникот склучува договор за осигурување по прв пат, истиот плаќа премија според основниот премиски степен-10.

Договорувачот на осигурувањето - осигуреникот преминува во нов премиски степен во зависност од тоа дали во изминатиот период на осигурување по неговиот договор за осигурување било пријавена штета. Во случај на промена на друштвото за осигурување на договорувачот на осигурувањето - осигуреникот му се признава премискиот степен врз основа на порано склучениот договор за осигурување како и со увид во Централната евиденција за штети при Националното Биро за осигурување.

На договорувачот на осигурувањето - осигуреникот кај кого во последниот период на осигурување по неговиот договор за осигурување не било пријавена штета, за следниот период на осигурување му се одобрува попуст на премијата, односно премин за еден премиски степен пониско во однос на премискиот степен во кој се наоѓал во претходниот период на осигурување. Најповолен премиски степен е 1.

За секоја пријавена штета во последниот период на осигурување по договорот за осигурување, договорувачот на осигурувањето – осигуреникот преминува еден премиски степен повисоко во однос на премискиот степен во кој се наоѓал во претходниот период на осигурување. Во случај на повеќе пријавени штети во рамки на еден штетен настан (сообраќајна незгода), истите се сметаат како една пријавена штета. Најнеповолен премиски степен е 18.

Премиските степени и премијата во % од премијата за основниот степен 10 (100% премија во Табелите по одделни Тарифни групи) се следните:

| **СТЕПЕНИ НА БОНУС-МАЛУС** | |
|---|---|
| **степен** | **% од премијата за основниот степен 10** |
| 18. | 175 |
| 17. | 165 |
| 16. | 155 |
| 15. | 145 |
| 14. | 135 |
| 13. | 125 |
| 12. | 115 |
| 11. | 105 |
| 10. | 100 |
| 9. | 95 |
| 8. | 90 |
| 7. | 80 |
| 6. | 75 |
| 5. | 70 |
| 4. | 65 |
| 3. | 60 |
| 2. | 55 |
| 1. | 50 |

Во случај кога договорувачот на осигурувањето - осигуреникот презентира доказ дека не бил виновен за причинување на штетата во периодот кога му бил пресметан малус (врз основа на пријавена штета), истиот има право на поврат на премија еднаков на разликата меѓу премијата без малус и премијата со малус.

Правото на користење бонус или обврската за плаќање малус припаѓа на осигуреникот (сопственикот) на моторното или приклучното возило. Во случај кога за моторното или приклучното возило е склучен посебен договор за користење (лизинг), правото на користење бонус или обврската за плаќање малус припаѓа на корисникот на моторното или приклучното возило. Правото на користење бонус или обврската за плаќање малус се однесува и на корисници кои имаат склучено договори за користење (лизинг) на шест или повеќе возила.

### Други одредби за бонус и малус

Член 8

На договорувачот на осигурувањето – осигуреникот кој во континуитет имал склучено осигурување за шест или повеќе моторни возила и кај кого меродавниот технички резултат во изминатите три години на осигурување изнесува помалку од 80%, за следниот период на осигурување му се одобрува попуст (бонус) на премијата во висина од една половина од разликата меѓу 80% и процентот на остварен меродавен технички резултат, согласно следната формула:

$$П = ОП * \left(1 - \frac{80 - МТР}{2}\right),$$

каде:

П – Премија за следниот период на осигурување,

ОП – Основна премија, и

МТР – Меродавен технички резултат (во %).

На договорувачот на осигурувањето кој имал склучено осигурување до 5 моторни возила ако во изминатата година на осигурување биле пријавени две или повеќе штети за возилата со кои е причинета штета, односно за возилото што е заменето му се пресметува доплатна премија за следната година и тоа:

- 50% за пријавени две штети;
- 80% за пријавени три штети;
- 200% за пријавени четири или повеќе штети.

На договорувачот на осигурувањето – осигуреникот кој имал склучено осигурување за шест или повеќе моторни возила и кај кого меродавниот технички резултат во изминатата година на осигурување изнесува повеќе од 120%, за следниот период на осигурување му се пресметува доплаток (малус) на премијата во висина од една половина од разликата меѓу процентот на остварен меродавен технички резултат и 120%, при што доплатокот не може да изнесува повеќе од 100% од основната премија, согласно следната формула:

$$П = \begin{cases} ОП * \left(1 + \frac{МТР - 120}{2}\right); ако 1 < \left(1 + \frac{МТР - 120}{2}\right) \leq 2 \\ ОП * (1 + 100); ако \left(1 + \frac{МТР - 120}{2}\right) > 2 \end{cases}$$

каде:

П – Премија за следниот период на осигурување,

ОП – Основна премија, и

МТР – Меродавен технички резултат (во %).

Ако договорувачот на осигурувањето - осигуреникот склучил договор за осигурување со времетраење пократко од една година, ова осигурување не се зема како основа за намалување на премискиот степен во следниот период на осигурување, без оглед дали по неговиот договор за осигурување не било пријавена штета во периодот на осигурување. Во случај на пријавена штета, осигурувањето се зема како основа за зголемување на премискиот степен.

Во случај на промена на сопственоста на возилото, правото на бонус, односно обврската за плаќање на малус не се пренесува на новиот сопственик.

Ако во периодот на користење на правото на попуст, осигуреникот го отуѓи или одјави возилото кај надлежен орган, стекнатото право на попуст се пренесува и на новото возило, под услов возилото да е од иста тарифна група и по полисата на одјавеното, односно отуѓеното возило да не е пријавена штета.

Ако сопственикот по уништување на возилото, во рок од една година склучи договор за осигурување за возило од иста тарифна група, стекнатото право на бонус, односно обврската за плаќање на малус се пренесува на новиот договор за осигурување.

При утврдувањето на меродавниот технички резултат се применуваат и следните одредби:

- На возилата што договорувачот на осигурување – осигуреникот, ги набавил во тековната година на осигурување не се пренесува бонусот или малусот, се до наредната година на осигурување кога и на тие возила ќе започне да се пресметува бонусот или малусот како за останатите возила од флотата;
- Одредбите за утврдување на премијата во зависност од техничкиот резултат се применуваат само на договорувачот на осигурување – осигуреникот, кој на 31.12 од претходната година имал склучено осигурување за шест или повеќе возила;
- Осигурувачот и договорувачот на осигурувањето – осигуреникот имаат право да побараат повторна пресметка на бонусот, односно малусот, ако дополнително се увиди дека во пресметката не се земени отштетни барања што се основани, односно биле земени барања кои не биле основани.

Член 9

Меродавниот технички резултат се пресметува со следната формула:

$$МТР = \frac{ЛШ + (РКПП - РППП)}{ПТП} * 100,$$

каде:

МТР – Меродавен технички резултат (во %),

ЛШ – Ликвидирани штети во пресметковниот период,

РКПП – Резерва за пријавени штети на крајот од пресметковниот период,

РППП – Резерва за пријавени штети на почетокот од пресметковниот период, и

ПТП – Полисирана техничка премија за сите возила од флотата.

## IV. УТВРДУВАЊЕ НА ПРЕМИЈАТА ВО ЗАВИСНОСТ ОД ВОЗРАСТА НА ОСИГУРЕНИКОТ

### Возраст на осигуреникот

Член 10

На осигуреникот кој во моментот на склучување на договорот за осигурување нема наполнето 22, односно 26 години или има наполнето 70 години му се пресметува доплаток на премија во % од премијата за основниот степен 10 (100% премија во Табелите по одделни Тарифни групи), намалена за бонусот односно зголемена за малусот и тоа:

| Возраст на осигуреникот | Доплаток на премија |
|---|---|
| до 22 години | 15% |
| од 22 до 26 години | 10% |
| над 70 години | 15% |

## V. ОБЕМ НА ОСИГУРИТЕЛНО ПОКРИТИЕ

**Осигурително покритие во странство**

Член 11

Ако е платена доплатна премија и за соодветното моторно возило е издадена зелена карта, во договорот за осигурување се обезбедува осигурително покритие за штети причинети во земјите членки на системот на зелена карта за времетраењето на важноста на зелената карта во висина на минималните осигурени суми во посетената земја, освен ако покритието од полисата за осигурување е поповолно за осигуреникот.

**Учество во авто трки**

Член 12

За проширување на обемот на покритие за учество на возилото во трки, вежби за трки, за брзински возења, се пресметува доплаток на премија во % од премијата за основниот степен 10 (100% премија во Табелите по одделни Тарифни групи), и тоа:

- 100% за учество на возилата во едно натпреварување;
- 500% без оглед на бројот на трките во текот на траењето на осигурувањето.

## VI. ВИСИНА НА ОСИГУРИТЕЛНОТО ПОКРИТИЕ

**Висина на осигурителното покритие**

Член 13

Премијата за осигурување што е утврдена во Глава VIII Тарифни групи обезбедува осигурително покритие во висина на минималните суми на осигурување согласно Законот за задолжително осигурување во сообраќајот.

За зголемување на осигурителното покритие на барање на договорувачот на осигурувањето - осигуреникот или по сила на закон, со договорот за осигурување од автомобилска одговорност може да се договори повисока обврска на друштвото за осигурување од минималните суми на осигурување предвидени со Законот, и тоа:

- за 50% поголема сума на осигурување од минималната, со поголема премија од 5%;
- за 100% поголема сума на осигурување од минималната, со поголема премија од 10%;
- за 200% поголема сума на осигурување од минималната, со поголема премија од 15%;
- за 300% поголема сума на осигурување од минималната, со поголема премија од 20%;
- за 700% поголема сума на осигурување од минималната, со поголема премија од 35%.

## VII. ОСТАНАТИ ОДРЕДБИ

**Пресметување на доплатоци и попусти**

Член 14

Сите доплатоци и попусти предвидени со оваа Тарифа се пресметуваат на премијата за осигурување.

Ако за осигурување на едно возило предвиден е само еден доплаток или попуст, истиот се пресметува на премијата за осигурување наведена во соодветната Тарифна група од Глава IX на оваа Тарифа.

Ако за осигурување на едно возило предвидени се неколку доплатоци или попусти, тогаш првиот доплаток или попуст се пресметува на начин утврден во претходниот став, а следните доплатоци и попусти се пресметуваат верижно т.е. на премијата за осигурување зголемена или намалена за претходниот доплаток или попуст.

Во договорот за осигурување задолжително се наведуваат сите пресметани доплатоци или попусти.

**Други одредби за примена на Тарифата**

Член 15

За утврдување на основните податоци за возилото (вид, марка, тип, изведба, намена, запремнина на моторот, број на места, носивост и др.) меродавна е сообраќајната дозвола, односно потврдата за регистрација.

Ако за возилото кое се осигурува се уште не е издадена сообраќајна дозвола, односно потврда за регистрација тогаш меродавни се податоците од производителот на возилото или друг меродавен доказ.

Ако сообраќајната дозвола или другите документи дозволуваат повеќекратна можност за користење на возилото, се применува најголемата премија.

За возилата кои во текот на едногодишниот период на осигурување поради својата намена се употребуваат само кусо време (пр. комбајни, возила за чистење снег, моторни санки и сл.) годишната премија, прикажана во оваа Тарифа е неделива т.е. не може да се договори осигурување со основна премија помала од премијата за една година.

Ако возилото се одјави кај надлежен орган, осигурувањето се прекинува и се враќа неискористениот дел од премијата (про рата темпорис), ако во тој период не е пријавена штета.

Во случај на промена на намената на возилото во текот на траењето на осигурувањето се пресметува разлика помеѓу премијата на новата намена на возилото и порано пресметаната премија (про рата темпорис).

За случаите кои не се предвидени со оваа Тарифа, премијата ја утврдува Комисијата за осигурување од автомобилска одговорност.

Националното Биро за осигурување води регистар на штети и ги ажурира податоците од Централната евиденција на штети.

## VIII. ПОСЕБНИ ВИДОВИ ОСИГУРУВАЊА

**Општи одредби**

Член 16

Покрај основниот вид на осигурување од автомобилска одговорност можат да се договорат и посебни видови осигурувања и тоа:

а) осигурување на возила за време на пробни возења и престој во складишта;

б) осигурување на возила за време на доопремување на сопствени оски (пер акс);

в) осигурување на моторни возила со пробни таблици;

г) осигурување на возила за време на мобилизација од страна на властите и за време на разни самозаштитни акции.

На посебните видови осигурувања не се применуваат одредбите за примена на табелата за пресметка на премијата за краткорочно осигурување и за начинот на пресметка про рата темпорис за бонус и малус и за проширување на обемот на покритие по оваа тарифа.

**Осигурување на возила за време на пробни возења и возења и престој во складишта**

Член 17

За осигурување на нови и половни возила во трговските организации, за време на пробни возења заради предавање и возење во складишта и за време на престој во складиштата од автоодговорност, премијата за секое возило изнесува 2% од годишната премија за соодветното возило.

При склучување на договор за осигурување од претходниот став вкупната премија се одредува според бројот на возила од планот на набавка и продавање на моторни возила или според бројот на возила во моментот на склучување на договорот за осигурување. Конечната пресметка на премијата се врши по истекот на тековната година на траење на осигурувањето на основа на вистински произведените, односно набавени и продадени возила.

Договор за осигурување може да се склучи само за сите возила на пробни возења или во складишта.

**Осигурување на возила за време на доставување на сопствени оски**

Член 18

За осигурување на нови моторни возила за време на нивно доставување на сопствени оски во континуитет од местото на набавка, од граничен премин на РМ и сл. до складиште на трговски организации или од складиште до складиште, или од складиште до местото на живеење на купувачот од автоодговорност премијата за секое возило за одделна релација (растојание помеѓу две места) изнесува:

(а) 1% од годишната премија на соодветното возило ако доставувањето се врши во истото место во кое возилото е ускладиштено;

(б) 2% од годишната премија за соодветното возило, ако доставувањето се врши на релација вон местото на ускладиштување на возилото.

**Осигурување на моторни возила со пробни таблици**

Член 19

За поединечното осигурување на моторни возила со пробни таблици од автоодговорност, премијата изнесува:

(а) за траење на осигурувањето до 5 дена

патнички автомобили, 2% од годишната премија;

влечни возила, моторцикли, приколки, 1% од годишната премија;

останати видови возила, 5% од годишната премија.

(б) за секој понатамошен ден на траење на осигурувањето премијата се зголемува за 5% од премијата од точка (а) погоре.

IX. МЕЃУНАРОДНА КАРТА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

**Одредби за зелена карта**

Член 20

За патување на осигуреници на моторни возила во земјите членки на системот на меѓународната зелена карта, во кои регистарската таблица не е доказ за постоење на осигурување од автоодговорност, се издава меѓународна зелена карта како доказ за постоење на тоа осигурување.

Оваа карта се издава исклучиво за возила со македонски регистарски таблици.

За издавање на зелена карта се наплатува премија со посебна одлука која ја носи Владата на Република Македонија.

**Примена на Тарифата**

Член 21

Оваа Тарифа ќе се применува од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија“.

Комисија за осигурување од автомобилска одговорност:

Министерство за финансии
Претседател,
**Јордан Трајковски,** с.р.

Министерство за финансии
Член,
**Дејан Николовски,** с.р.

Национално биро за осигурување
Член,
**Трајче Латиновски,** с.р.

Агенција за супервизија на осигурувањето
Член,
**Бобан Томески,** с.р.

15 октомври 2018 година
Скопје

**ПРИЛОГ - ТАБЕЛИ НА ПРЕМИЈА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ОД АВТОМОБИЛСКА ОДГОВОРНОСТ ПО ТАРИФНИ ГРУПИ**

**ТАРИФНА ГРУПА 1 – ПАТНИЧКИ ВОЗИЛА**

Техничката премија се пресметува во % од минималната односно максималната стапка на техничката премија и истата во зависност од силата на моторот изразена во KW изнесува:

| **Сила на мотор** | **% од минималната односно максималната стапка на техничка премија** |
|---|---|
| До 22 KW | 67 |
| Преку 22 - 33 KW | 80 |
| Преку 33 - 44 KW | 93 |
| Преку 44 - 55 KW | 107 |
| Преку 55 - 66 KW | 121 |
| Преку 66 - 84KW | 140 |
| Преку 84 - 110 KW | 167 |
| Преку 110 - 150 KW | 202 |

**А. ДОПЛАТОЦИ:**

1) 30% доплаток за "TAXI" возила;

2) 100% доплаток за осигурување на возила што се издаваат под наем "рент-а-кар" возила;

3) 10% доплаток за патнички и комби возила кои имаат над 5 седишта (покрај седиштето на возачот);

4) 10% доплаток за патнички и комби возила наменети за превоз на товар.

**Б. ПОПУСТИ:**

1. 10% попуст за воени инвалиди, трудови инвалиди кои при купување на патнички автомобили имале право на намален данок. Истиот се однесува само на едно возило со презентација на соодветна писмена документација.

## ТАРИФНА ГРУПА 2 – ТОВАРНИ ВОЗИЛА

По оваа Тарифна група се осигуруваат: камиони, доставни возила, кипери, дампери, автоладилници со и без уред за ладење, автоцистерни со и без уред за утовар и растовар, силоси за превоз на цемент, возила за превоз на сладолед, возила за превоз на патнички автомобили, мешалки за бетон итн.

Техничката премија се пресметува во % од минималната односно максималната стапка на техничката премија и истата во зависност од носивоста изразена во тони изнесува:

**Табела 1 Товарни возила**

| Носивост | % од минималната односно максималната стапка на техничка премија |
|---|---|
| До 0,5 t | 125,9 |
| Преку 0,5 t - 1t | 138,8 |
| Преку 1 t - 2 t | 219,5 |
| Преку 2 t - 3 t | 242,6 |
| Преку 3 t - 5 t | 271,7 |
| Преку 5 t - 7 t | 316,4 |
| Преку 7 t - 10 t | 494,5 |
| Преку 10 t - 15 t | 577,8 |
| Преку 15 t | 688,1 |

**А. ДОПЛАТОЦИ**

1) 35% доплаток за осигурување товарни возила кои повремено или постојано служат за превоз на експлозивни и лесно запаливи материи како и материи кои може да ја загадат околината;

2) 100% доплаток за возила кои се изнајмуваат без возач – „рент-а-кар“ возила.

**Б. ЗАБЕЛЕШКА**

Противпожарните возила се осигуруваат по Тарифна група 5.

## ТАРИФНА ГРУПА 3 – АВТОБУСИ

По оваа Тарифна група се осигуруваат: автобуси, тролејбуси и автобуски и тролејбуски приколки.

Техничката премија се пресметува во % од минималната односно максималната стапка на техничката премија и истата во зависност од намената и видот и истата изнесува:

**Табела 1 – Автобуси наменети за меѓуградски превоз на патници**

| | **% од минималната односно максималната стапка на техничка премија** |
|---|---|
| **а) АВТОБУСИ** | |
| - фиксна премија | 460,1 |
| премија за секое регистрирано место | 4,2 |
| **б) АВТОБУСКИ ПРИКОЛКИ** | |
| - фиксна премија | 187 |
| премија за секое регистрирано место | 2,9 |

**Табела 2 – Автобуси наменети за градски и приградски јавен превоз на патници**

| | **% од единствена основа за пресметка на техничка премија** |
|---|---|
| **а) АВТОБУСИ** | |
| - фиксна премија | 321,1 |
| - премија за секое регистрирано место | 2,9 |
| **б) АВТОБУСКИ ПРИКОЛКИ** | |
| - фиксна премија | 130,9 |
| - премија за секое регистрирано место | 2,03 |

**Табела 3 – Автобуси на претпријатија, кои не се наменети за градски и приградски јавен превоз на патници, освен автобуси на туристички организации**

| | **% од единствена основа за пресметка на техничка премија** |
|---|---|
| **а) АВТОБУСИ** | |
| - фиксна премија | 253 |
| - премија за секое регистрирано место | 2,31 |
| **б) АВТОБУСКИ ПРИКОЛКИ** | |
| - фиксна премија | 116,3 |
| - премија за секое регистрирано место | 1,06 |

**А. ДОПЛАТОЦИ:**

1) 100% доплаток за автобуси кои се изнајмуваат без возач.

**Б. ЗАБЕЛЕШКА**

1. Под поимот регистрирани места се подразбираат регистрирани седишта и регистрирани места за стоење, освен седиштето на возачот:

2. Зглобниот автобус претставува целина;

3. Како возило наменето за јавен патнички, градски и приградски сообраќај се смета возило кое конструктивно е предвидено за таков сообраќај, има регистрирани места за стоење и кое има сообраќаен знак за ограничена брзина до 50 км на час.

## ТАРИФНА ГРУПА 4 – ВЛЕЧНИ ВОЗИЛА

По оваа Тарифна група се осигуруваат: трактори на гумени тркала или трактори гасеници, мотокултиватори, возила "унимог" и други влечни возила.

Техничката премија се пресметува во % од минималната односно максималната стапка на техничка премија и истата во зависност од видот и силата на моторот изразена во KW, изнесува:

**Табела 1 Регистрирани влечни возила**

| Сила на мотор | % од минималната односно максималната стапка на техничка премија |
|---|---|
| До 18 KW | 6,4 |
| Преку 18 - 25 KW | 9,7 |
| Преку 25 - 33 KW | 12,9 |
| Преку 33 - 44 KW | 16,9 |
| Преку 44 - 73 KW | 25,7 |
| Преку 73 - 110 KW | 40,2 |
| Преку 110 до 147 KW | 56,3 |
| Преку 147 KW | 72,3 |

### А. ДОПЛАТОЦИ:

1) 30% доплаток за осигурување на влечни возила кои повремено или постојано служат за превоз на експлозивни и лесно запаливи материи.

### Б. ЗАБЕЛЕШКА

1. Приколките кои ги влечат влечните возила се осигуруваат по Тарифна група 7.

## ТАРИФНА ГРУПА 5 – СПЕЦИЈАЛНИ ВОЗИЛА

По оваа Тарифна група се осигуруваат специјални возила на моторен погон или приклучни возила со посебна намена (превоз на специјален товар или посебни луѓе, на пример во полиција, судство, пожарникарски единици), кое согласно карактеристиките спаѓа во една од категориите моторни или приклучни возила.

Техничката премија се пресметува во % од минималната односно максималната стапка на техничка премија и истата во зависност од видот и намената на возилото, изнесува:

| ПОДГРУПА | % од минималната односно максималната стапка на техничка премија |
|---|---|
| Погребни возила кои се употребуваат исклучиво за погребни поворки | 51,6 |
| Погребни возила кои се употребуваат за сите видови превоз на мртовци | 83,2 |
| Санитетски возила со лежај | 61,7 |
| Полициски возила со посебна намена и конструкција | 54 |

| | |
|---|---|
| Автобуси кои се употребуваат за живеење | 103,6 |
| Возила за кампување | 92 |
| Библиобуси, подвижни шалтери, подвижни киосци, возила за превоз на пари | 92,9 |
| Противпожарни возила без работен уред | 80,3 |
| Возила конструирани за забавни паркови со вграден уред | 117,4 |
| Возила со предвидена конструкција за превоз на кошници | 92 |
| Моторни санки | 25,7 |

**А. ЗАБЕЛЕШКА:**

1. Санитетски возила без лежај кои служат за превоз на болни се осигуруваат како патнички возила, односно автобуси;
2. Возилата на патролна полиција се осигуруваат како патнички возила, односно моторцикли.

## ТАРИФНА ГРУПА 6 – МОТОРЦИКЛИ И СКУТЕРИ

По оваа Тарифна група се осигуруваат: моторцикли, скутери и мопеди со и без приколка, товарни приколки со и над 50 см3, велосипеди со мотор, инвалидски колички со мотор итн.

Техничката премија се пресметува во % од минималната односно максималната стапка на техничка премија и истата во зависност од видот и зафатнината на моторот изразена во см3, изнесува:

| ЗАФАТНИНА НА МОТОРОТ | % од минималната односно максималната стапка на техничка премија |
|---|---|
| До 50 см$^3$ | 12,6 |
| Преку 50 см$^3$ - 100 см$^3$ | 20,9 |
| Преку 100 см$^3$ - 175 см$^3$ | 31,4 |
| Преку 175 см$^3$ - 250 см$^3$ | 44 |
| Преку 250 см$^3$ - 500 см$^3$ | 71,3 |
| Преку 500 см$^3$ – 750 см$^3$ | 113,3 |
| Преку 750 см$^3$ | 155,3 |

**А. ДОПЛАТОЦИ:**

1) 100% доплаток за осигурување на моторцикли кои се издаваат под наем ("rent a car" моторцикли)

**Б. ПОПУСТИ:**

1. 10% попуст за воени инвалиди, трудови инвалиди кои при купување на патнички автомобили имале право на намален данок. Истиот се однесува само на едно возило со презентација на соодветна писмена документација.

**В. ЗАБЕЛЕШКА:**

1. Премијата од оваа тарифна група важи и за моторцикли и скутери со приколки, односно за приколките не се пресметува посебна премија.

2. Возилата на три и четири тркала кои се регистрираат како моторцикли (на пример БМВ, ИСЕТА, Го – карт и слично) се осигуруваат по оваа тарифна група.

## ТАРИФНА ГРУПА 7 – ПРИКЛУЧНИ ВОЗИЛА

По оваа Тарифна група се осигуруваат: приколки и полуприколки. Ладилници со и без уред за ладење, цистерни со и без уред за утовар и растовар, силоси за превоз на цемент, работни приколки и полуприколки: агрегати, компресори и сл., специјални приколки и полуприколки за работа во земјоделството, приколки за живеење или работа и камп приколки, караван приколки, приколки за превоз на чамци, моторцикли и автомобили и сл.

Техничката премија се пресметува во % од минималната односно максималната стапка на техничка премија и истата во зависност од видот и носивоста, изнесува:

| **Носивост** | **% од минималната односно максималната стапка на техничка премија** |
|---|---|
| До 1 t | 5,7 |
| Преку 1 t - 3 t | 5,9 |
| Преку 3 t -5 t | 6,2 |
| Преку 5 t - 10 t | 6,8 |
| Преку 10 t - 15 t | 7,6 |
| Преку 15 t - 20 t | 8,4 |
| Преку 20 t | 9,2 |

**А. ДОПЛАТОЦИ:**

1) 35% за осигурување на товарни приколки или полуприколки кои повремено или постојано служат за превоз на експлозивни материи или лесно запаливи течности и гасови сместени во посебни садови (контејнери) на товарен сандак, како и за осигурување на приколки и полуприколки – цистерни кои повремено или постојано служат за превоз на овие материи.

2) 20% за осигурување на приколки за превоз на хаварисани и неисправни патнички возила.

**Б. ПОПУСТИ:**

2. 30% попуст за осигурување на приколки на градилишта кои служат за живеење, работење, сместување на алати и сл;

3. 40% за осигурување на приколки на Црвениот крст и слични организации кои се наменети за сместување во случај на елементарни непогоди (земјотрес, поплава);

4. 20% за осигурување на приколки на две тркала кои служат како наслон за превоз на долги предмети, приколки за превоз на чамци и моторцикли за трки, во зависност од нивната максимална носивост.

**В. ЗАБЕЛЕШКА:**

1. Камп приколки, приколки-агрегати, приколки-компресори и приколки за разни намени на градилишта се осигуруваат како приколки со 1 t носивост.

## ТАРИФНА ГРУПА 8 – МОТОРНИ ВОЗИЛА СО СТРАНСКА РЕГИСТРАЦИЈА

Вкупната бруто премија се утврдува во апсолутен износ во денари, и истата изнесува:

| | **Бруто премија во ЕВРА** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Вид на возило | Обврската на осигурувачот е лимитирана со Законот за осигурување<br>Премија за траење на осигурувањето | | | | |
| | 15 дена | 30 дена | 60 дена | 180 дена | 365 дена |
| 1. Патнички возила | 50 | 70 | 110 | 250 | 350 |
| 2. Доставни возила до 1 t | 120 | 210 | 300 | 740 | 1.040 |
| 3. Товарни возила преку 1 t | 230 | 320 | 520 | 1.200 | 1.720 |
| 4. Минибуси до 15 седишта | 210 | 260 | 400 | 920 | 1.290 |
| 5. Автобуси | 290 | 420 | 660 | 1.520 | 2.170 |
| 6. Влечни возила | 10 | 15 | 20 | 50 | 70 |
| 7. Спец. моторни возила | 40 | 50 | 70 | 180 | 250 |
| 8. Моторцикли, скутери и сл. со или без приколки | 50 | 60 | 100 | 220 | 320 |
| 9. Приклучни возила | 10 | 15 | 25 | 40 | 50 |
| 10. Работни моторни возила | 40 | 60 | 100 | 230 | 330 |

**А. ДОПЛАТОЦИ:**

1) 35% доплаток за осигурување на возила (Ц и Ф) кои повремено или постојано служат за превоз на експлозивни и лесно запаливи материи и материи кои може да ја загадат човековата околина, сместени во посебни садови (контејнери).

**Б. ЗАБЕЛЕШКА:**

1. Оваа Тарифна група се применува за осигурување на моторни возила на домашни и странски физички или правни лица кои се регистрирани во странство.
2. Осигурувањето по оваа Тарифна група се склучува врз основа на Условите за осигурување кои важат за осигурување од автомобилска одговорност гранично осигурување.
3. Премијата за осигурување се пресметува и плаќа во девизи.
4. Ова осигурување важи само на територијата на Република Македонија и истото задолжително треба да стои на полисата за осигурување.
5. Во вкупната премија од горната табела се вклучени и трошоците за спроведување на осигурувањето.
6. Лесни приколки и камп приколки не подлежат на осигурување од автомобилска одговорност.
7. Меѓународната зелена карта во врска со ова осигурување не може да се издава.

## ТАРИФНА ГРУПА 9 – РАБОТНИ МОТОРНИ ВОЗИЛА

Работно моторно возило е возило на моторен погон или приклучно возило на кое се вградени посебни уреди и опрема за вршење на работи и чија максимална дозволена маса е еднаква со масата на возилото а согласно карактеристиките спаѓа во некоја од категориите на моторни или приклучни возила.

Техничката премија се пресметува во % од минималната односно максималната стапка на техничка премија и истата во зависност од видот од подгрупата изнесува:

| ПОДГРУПА | % од минималната односно максималната стапка на техничка премија |
|---|---|
| Возила со вградени работни уреди конструктивно наменети за чистење на улици, собирање и превоз на смет, црпење и однесување на фекалии, чистење на улична канализација и одржување на улични електрични инсталации | 71,2 |
| Противпожарни возила со вградени работни уреди | 80,3 |
| Возила конструктивно наменети за геолошки истражувања, нафтена индустрија и рударство, пронаоѓање на вода и сл., освен багери | 75,8 |
| Кино возила, возила за флуорографирање, возила за снимање, возила радио станици, РТВ - репортажни возила, возила движечки работилници, возила движечки амбуланти, возила подвижни кујни, возила наменети за здравствена заштита, возила на Црвениот крст, и останати работни возила со специјална надградба | 66,8 |
| Комбајни | 57,1 |
| Самоодни косилки и самоодни балирачки | 44,6 |
| Багери | 43,6 |
| Багери на гумени тркала и гасеници | 43,6 |
| Возила со вградени уреди конструктивно наменети за посипување на патишта, отстранување на снег, возила за набивање на снег, дробилки, моторни и парни ваљаци, самоодни моторни ваљаци | 128,8 |
| Возила за чистење и мазнење на мраз на лизгалишта | 64,5 |
| Автодигалки, мешалки за бетон, пумпи за префрлување на бетон, возила со уреди за однесување на патнички возила (пајаци), возила за однесување на контејнери со фекалии и сл., автоагрегати, автодупчалки, автокранови, автовибратори, копачи, возила за пресадување на дрва, машини за цементирање, за дупчење и дигалки самонатоварувачи, скепери, уфрлувачи, компактори за гмечење на снег, натоварни лопати, натоварни префрлувачи, виљушкари, возила за испишување ознаки на коловозот, возила за планирање на земјиште, булдожери, останати работни моторни возила од индустријата, градежништвото и комуналната дејност | 117,1 |
| Самоодни моторни пили | 42 |

**А. ЗАБЕЛЕШКА:**

1. Патничките возила кои служат за сервисна служба се осигуруваат по Тарифна група 1 (патнички возила).